# НОВО ИСТРАЖУВАЊЕ УПАТУВА НА ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАСИЗАМ ПРОТИВ РОМИТЕ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



**Брисел, Скопје, 14 февруари 2023 год.**: Новото истражување што денес го објави Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) открива мноштво повреди на човекови права со кои се соочуваат Ромите во рамките на правосудниот систем во Северна Македонија. Извештајот *Негирана правда: Ромите во правосудниот систем во Северна Македонија* е изработен во партнерство со глобалната вочдог организација за кривична правда Fair Trials.

*„Она што го гледаме во целото општество се огледува и во институциите“,* изјави Ѓорѓе Јовановиќ, претседател на ЕЦПР. *„Не станува збор само за расистички полицајци, расистички обвинители или расистички судии, туку за цел правосуден систем кој треба темелно да се реформира за да испорача антирасистичка правда и да ја елиминира културата на антициганизам што постои во правосудните институции“.*

Истражувањето покажува дека антициганизмот не е само присутен само во Северна Македонија, туку е длабоко вкоренет и практикуван во правосудниот систем на државата. Обвинетите Роми се соочуваат со дискриминација во секоја фаза од кривичната постапка, од полицијата до судиите, обвинителите, па дури и од нивните адвокати-бранители. Ромите пријавуваат дека и по притворувањето се подложени на дискриминација, расно насилство, па дури и смрт на член ови на нивното семејство во затвор. Доказите од истражувањето и судските предмети на кои работи ЕЦПР во последните 25 години покажуваат дека, кога станува збор за лош третман на Ромите, органите за спроведување на законот се институционално расистички, и дека постои официјална толеранција за културата на неказнивост во рамките на правосудните институции.

Бруно Мин, правниот директор на *Fair Trials* за Обединетото Кралство и за меѓународни предмети, изјави *„Расизмот против Ромите во правосудните системи е реалност со којашто владите ширум Европа мора да се справат. Таа не смее да се занемари како изолиран инцидент или како случај на 'неколку расипани јаболка', туку треба да се гледа како системски предизвик кој ги оштетува заедниците и ги одржува лажните предрасуди за Ромите. Напредок може да се постигне само доколку полицијата, судовите, обвинителството и адвокатите ја признаат големината на предизвикот, но и потребата од екстензивни и значајни промени за решавање на структурните нееднаквости во правосудниот систем“.*

Повеќето од интервјуираните Роми, полицајци, судии, обвинители и адвокати-бранители сметаат дека Ромите се премногу застапени во правосудниот систем на Северна Македонија. Тоа е должи на комбинација од повеќе причини кои вклучуваат и постојано расно профилирање и прекумерно и насилно полициско работење во ромските заедници, социјална маргинализација и високи стапки на сиромаштија, отсуство на алтернативни мерки за изрекувањето казни, и пресумпција на вина што е вкоренета во расистичките наративи кои ги поврзуваат Ромите со криминал. Едно од интервјуираните лица изјави дека Ромите секогаш се сметаат за виновни и опиша дека доколку во населбата е направена кражба, полицајците им наредуваат на ромските жители да се пријават во полициската станица за распит: *„Во најлошото сценарио, ако некој одбие да признае вина за време на испрашувањето, тогаш полицаецот ќе го принуди со шамари и со тепање, и ќе заврши во притвор“.*

Новото истражување се темели на серија интервјуа спроведени во периодот мај – септември 2020 година со лица од ромско потекло и професионалци од правосудниот систем: полициски службеници, обвинители, адвокати-бранители, и судии. Лицата кои беа интервјуирани се избрани според два главни фактори: искуство со правосудниот систем и географска покриеност на различни региони од земјата.

Извештајот *Негирана правда: Ромите во правосудниот систем во Северна Македонија* е достапен на англиски и македонски јазик.

Оваа соопштение за печатот е достапно и на англиски јазик.

За повеќе информации или да договорите интервју, контактирајте ги:

Џонатан Ли (на англиски)
Менаџер за застапување и комуникации
Европски центар за правата на Ромите
jonathan.lee@errc.org
+32 492 88 7679

Сенада Сали (на македонски)
Правен директор
Европски центар за правата на Ромите
senada.sali@errc.org
+389 74 240 274